Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19.11.2019 година

Скопје, ноември 2019 година

# З А П И С Н И К
# од Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19.11.2019 година

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Неџат Мехмедовиќ, заменик на министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, како и Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Хусни Исмаили, министер за култура .

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

# ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 161-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29.10.2019 година**

**Пред преминување на дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција
- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Барање нафтени деривати без надомест од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

2. Информација во врска со спроведување на постапка за јавна набавка на услуги на ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година со состојба 31.12.2019 година и за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година со состојба 31.12.2020 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со Предлог – одлука

3. Полугодишен извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за периодот од 1.1.2019 година до 30.6.2019 година

4. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата

5. Информација со Правилник за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за технолошки развој, со Предлог-одлука

6. Информација по Барањето на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог-решение

7. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

8. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2019 година

9. Информација за сервисирање на дел од долгот за вода на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники завод и ургентен центар Скопје спрема ЈП „Водовод и канализација"

10. Информација за одредување на годишен буџет на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје

11. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Тхор импекс ДООЕЛ Скопје

12. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на друштвото за трговија и услуги Тхор импекс експорт-импорт ДООЕЛ Скопје

**б) економски систем и тековна економска политика**

13. Информација во врска со барањето за согласност на ТАВ Македонија за зголемување на капацитетот на аеродромот „Св.Апостол Павле" Охрид

14. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – глина на локалитетот „Долна Краста" с.Церово, Општина Маврово и Ростуша

15. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Градиште“ Општина Штип, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце, со Предлог-одлука

17. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел ТИНО - Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

18. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Амбасадор, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

19. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Аквалина, Охрид, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

20. Информација во врска со надоместокот за користење на вода за одгледување риби

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во стамбени куќи КО Битола, Општина Битола, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Страгово 2 и електричен вод за приклучок КО Страгово, Општина Кавадарци, со Предлог – одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа Крапска со реф. бр. 45 и придружни објекти КО Крапа, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ со реф.бр.22 на Ковачка река и придружни објекти КО Самоков, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ со реф.бр.23 на Ковачка река и придружни објекти КО Самоков, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Стојаково, Општина Богданци, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Неготино, Општина Неготино, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурен објект-колектори за одведување фекални отпадни води од градот Тетово, н.м. Голема Речица, Мала Речица, Фалише, Порој и Џепчиште до пречистителна станица с.Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Желино за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Желино, Општина Желино, со Предлог-одлука

31. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ АГРО-М Димче Блаже Лазаревски с.Мојанци, Кочани, со Предлог-одлука

32. Информација за потребата од изменување и дополнување на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 8/2011, 55/2013, 33/2015 и 104/2015)

33. Информација со текст на Предлог - закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија

**в) политички систем**

34. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Литванија за меѓународен превоз во патниот сообраќај

35. Предлог-закон за ратификацијана Анексот за изменување на Анекс I на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремената администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област

36. Предлог-закон за ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за екстрадиција

37. Предлог-законотза ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за трансфер на осудени лица

38. Предлог-закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС)

39. Предлог-стратегија за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021), со Акциски план

40. Информација со Предлог-уредба за изменување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија

41. Информација за потпишување Меморандум за разбирање помеѓу Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Мисија во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација за спроведување на заеднички активности во периодот 2019 - 2021 година, со Меморандум за разбирање

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година

43. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година

44. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2020 година

45. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир, Скопје

46. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Куманово

47. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово

48. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Брвеница

49. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Босилово

50. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија, ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло и ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје

51. Информација со барање за отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка и Акциски план за реализација на Проектот за изградба на два нови болнички објекта за потребите на ЈЗУ Психијатриска болница во Демир Хисар

52. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема - апарати за анестезија и пациент монитори за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија

53. Информација за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија

54. Информација со акциски план на проектот - Адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на динамика на плаќање

55. Информација за начинот на склучување на договор за јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог-одлука

56. Информација за проектот „Изградба за нов објект Поликлиника Сарај при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје“ и одобрување на динамика на плаќање, со Акциски план

57. Информација за имплементација на Акцискиот план за сексуално и репродуктивно здравје 2018-2020 година, за периодот 2018 до јули 2019 година

58. Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапка за јавна набавка за склучување на повеќегодишен договор за продолжување со изградба на ООУ „Димитар Македонски“, Општина Аеродром, Скопје

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

59. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - травертин на локалитетот „Камено Брдо“ с.Кучково, Општина Ѓорче Петров

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи

61. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Трговското друштво за приредување игри на среќа „ДИВИЕН“ ДОО експорт – импорт Скопје за деловната просторија на ул.„Маршал Тито“ бр. 108, Богданци

## б) политички систем

62. Предлог-одлука за отворање Генерален конзулат на Република Албанија во Република Северна Македонија, со седиште во Струга

63. Предлог-одлука за отворање на Генерален конзулат на Република Косово во Република Северна Македонија, со седиште во Струга

64. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

65. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

66. Барање на Муса (Дегерли) Исмаилоски за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

67. Барање на Гафур (Јакупоглу) Јакуб за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

68. Барање на Алессандро Алберто Францесцо Бертолаззи за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

## в) човечки ресурси и одржлив развој

69. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ – Скопје

70. Предлог-одлука за доделување на средства на Државен ученички дом „Кочо Рацин“ Свети Николе

71. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

## г) предлози по кои Владата дава мислење

### (а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија

72. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка

73. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

74. Предлог-закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

75. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

76. Предлог-закон за изменување на Законот за електронско управување и електронски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

77. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка

78. Предлог-закон за младинско учество и младински политики, поднесен од група пратеници

79. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

80. Предлог-закон за изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка

81. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

82. Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година

83. Предлог- финансиски план за 2020 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2020 година

84. Барање за давање на автентично толкување на член 372 став 3 точка 6 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), поднесено од пратеникот Ане Лашкоска

85. Барање за давање на автентично толкување на член 101 став (7) а во врска со член 190 од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19), поднесено од пратеникот Реџаил Исмаили

### (б) по барање на органи, организации и други правни лица

86. Иницијатива поднесена од адвокат Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.137/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и 83/2018) и на член 72 став 3 во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката“, како и на став 4 во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.102/2019)

87. Понуда од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 476 за КО Плетвар на КП бр. 1033 викано место Долна Чешма

**д) други предлози**

88. Кадровски прашања

89. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

90. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули - септември 2019 година

91. Тримесечен финансиски извештај на ЈП Агро-берза - Скопје за периодот јули - септември 2019 година, со дополнувањето кон него

92. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија за период 1.7 - 30.9.2019 година

93. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје за периодот јули - септември 2019 година

94. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за второто тромесечие за период од 1.4.2017 до 30.6.2017 година

95. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за периодот од 1.7.2017 до 30.9.2017 година

96. Финансиски извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за четвртото тримесечие во 2017 година, за периодот 1.10.2017-31.12.2017 година

97. Извештај за финансиското работење на АД „Медиумска информативна агенција" – Скопје

98. Тримесечен финансиски извештај на АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост за период 1.4.2019 година - 30.6.2019 година

99. Извештај за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката Скопје за периодот од 1.4.2019 до 30.6.2019 година

100. Полугодишен извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година, за периодот од 1.1.2019 година до 30.6.2019 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

101. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка

102. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, по скратена постапка

103. Предлог-уредба за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави

104. Информација во врска со престојниот 9-ти состанок на Заедничкиот комитет на регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло

105. Информација за потребата од донесување на нов Закон за утврдување на правен статус на бесправни објекти

106. Информација за отворање на Генерален конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Милано и за затворање на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република со седиште во Венеција, со предлог-одлуки

107. Предлог-одлука за именување на Дејан Ѓучиќ за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Грција, со седиште во Солун

108. Предлог-одлука за именување на Сања Зографска Крстевска за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Комонвелтот Австралија, со седиште во Мелбурн

109. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГРИН МЕДИКАЛС МКД ДОО Кочани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

110. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2019 година

111. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Православниот Богословски факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје

112. Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Факултетот за исламски науки – Скопје

113. Информација за тековните активности за завршеното оценување на Стратегијата за регионален развој 2009 - 2019 година

114. Информација со Предлог - решение за назначување на членови на Националниот совет за сајбер безбедност

115. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка

116. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЦАННАЛИФЕ ДОО с.Ивањевци Могила, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 161-та седница на Владата, одржана на 29.10.2019 година.

*

*  *

## Пред преминување на Дневен ред:

- **Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција**

Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор го задолжи Секретаријатот за европски прашања за наредната седница на Владата, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи да подготви информација во врска со вклучување и реализација на проект за интегрирање на повратниците од азил, кои се одбиваат од земјите членки на Европската Унија.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

Во врска со Заклучокот на Владата по повод Информацијата за потпишување на размена на писма/договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за културен грант, усвоен на 161-та седница на Владата, одржана на 29 октомври 2019 година, Владата заклучи истиот да се измени и да гласи:

„ Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише писмата за размена/договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за Проектот за подобрување на музички инструменти и опрема за звук и осветлување на НУ Национална опера и балет.“.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Барањето нафтени деривати без надомест од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - Скопје на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о., во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со спроведување на постапка за јавна набавка на услуги на ревидирање на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 година со состојба 31.12.2019 година и за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2020 година со состојба 31.12.2020 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2019 и 2020 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа и усвои Полугодишниот извештај на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за периодот од 1.1.2019 година до 30.6.2019 година притоа имајќи го предвид укажувањето од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и координација со економските ресори.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата со Правилник за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за технолошки развој, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за технолошки развој, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата по Барањето на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативниte индустрии УМПАКИ - Скопје за добивање статус на организација од јавен интерес, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за доделување статус на организација од јавен интерес за дејноста уметност, култура и заштита на културно наследство на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе новиот текст Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за сервисирање на дел од долгот за вода на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники завод и ургентен центар Скопје спрема ЈП „Водовод и канализација“ за наредната седница на Владата поради потребата материјалот да се разгледа во присуство на директорите на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за одредување на годишен буџет на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје за наредната седница на Владата поради потребата материјалот да се разгледа во присуство на директорите

на ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар – Скопје и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Тхор импекс ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на друштвото за трговија и услуги Тхор импекс експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, со заклучок предлагачот истата да ја усогласи согласно мислењата на Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за транспорт и врски и да ја достави до Владата.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето за согласност на ТАВ Македонија за зголемување на капацитетот на аеродромот „Св.Апостол Павле“ Охрид и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност на барањето на ТАВ Македонија за зголемување на капацитетот на аеродромот „Св.Апостол Павле“ Охрид.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за давањето согласност на барањето на ТАВ Македонија за зголемување на капацитетот на аеродромот „Св.Апостол Павле“ Охрид.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – глина на локалитетот „Долна Краста“ с.Церово, Општина Маврово и Ростуша и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за регистрирање и управување со земјоделско земјиште во рок од три дена да даде мислење во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „Долна Краста“ с.Церово, Општина Маврово и Ростуша.

<u>Точка 15</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - гранит на локалитетот „Градиште“ Општина Штип, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – гранит на локалитетот „Градиште“ Општина Штип, во предложениот текст.

<u>Точка 16</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - вулкански туф на локалитетот „с.Отошница“ Општина Ранковце, во предложениот текст.

<u>Точка 17</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел ТИНО - Охрид, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Тино – Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со седиште на ул. Кеј Македонија бр.55 - Охрид), во предложениот текст.

<u>Точка 18</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Амбасадор, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Амбасадор, со седиште во населено место Подмоље бб – Охрид, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

<u>Точка 19</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Аквалина, Охрид, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Аквалина, Охрид, со седиште на ул. „Нас. Св. Стефан“ бб, Охрид - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст

**<u>Точка 20</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со надоместокот за користење на вода за одгледување риби и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави Информација во врска со можноста за укинување на надоместокот од 3% по килограм од продажната цена на рибата, за користење на вода за одгледување на риби, со конкретен став и фискални импликации по Буџетот.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-производство на енергија со сончеви панели КО Велмеј, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**<u>Точка 22</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во стамбени куќи КО Битола, општина Битола, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Битола, Општина Битола, во предложениот текст.

**<u>Точка 23</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Страгово 2 и електричен вод за приклучок КО Страгово, Општина Кавадарци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Страгово 2 и електричен вод за приклучок КО Страгово, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа Крапска со реф. бр. 45 и придружни објекти КО Крапа, Општина Македонски Брод, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа Крапска со реф. бр. 45 и придружни објекти КО Крапа, Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ со реф.бр.22 на Ковачка река и придружни објекти КО Самоков, Општина Македонски Брод, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ со реф.бр.22 на Ковачка река и придружни објекти КО Самоков, Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ со реф.бр.23 на Ковачка река и придружни објекти КО Самоков, Општина Македонски Брод, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ со реф.бр.23 на Ковачка река и придружни објекти КО Самоков, Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Стојаково, Општина Богданци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтаична електрична централа КО Стојаково, Општина Богданци, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Неготино, Општина Неготино, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Неготино, Општина Неготино, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиски инфраструктурнен објект-колектори за одведување фекални отпадни води од градот Тетово, н.м. Голема Речица, Мала Речица, Фалише, Порој и Џепчиште до причистителна станица с.Фалише, Општина Тетово, со Предлог-одлука, поради потребата предлагачот да изврши усогласување на вкупната површина на планскиот опфат во Информацијата и во Предлог-одлуката, како и да изврши усогласување согласно укажувањата изнесени во мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

Оваа точка да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Желино за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Желино, Општина Желино, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план за село Желино за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Желино, Општина Желино, во предложениот текст.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ АГРО-М Димче Блаже Лазаревски с.Мојанци, Кочани, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на

договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1998, 18/1999, 31/2000, 42/2003, 64/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 8/2011, 55/2013, 33/2015 и 104/2015) и притоа заклучи да формира работна група со претставници од: Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за култура, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје и Управата за заштита на културното наследство, која да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави соодветно предлог – решение за надминување на прашањата содржани во Информацијата.

**Точка 33**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со текст на Предлог - закон за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата поради потребата Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да организира работен состанок со претставници од Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и останати засегнати институции, на кој да се разгледаат мислења и ставови, со цел да се подготви текст на Предлог – закон во кој да се дефинираат цели, предмет, дефиниции и области, како и да се утврди минималниот износ на инвестиции по категории, во насока, прва категорија Градот Скопје и општините во Градот Скопје 100.000.000 евра, втора категорија останатите поголеми градски општини 50.000.000 евра и трета категорија руралните општини 30.000.000 евра.

Текстот на Предлог – законот да се достави до Владата преку овластен предлагач - Министерство за економија.

**Точка 34**

Владата го разгледа Предлог-законотза ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Литванија за меѓународен превоз во патниот сообраќај, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи, Зоран Маневски, државен секретар во

Министерството за транспорт и врски и Елена Атанасовска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлог-законотза ратификацијана Анексот за изменување на Анекс I на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремената администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски а за повереници м-р Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Наташа Дескоска помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлог-законотза ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за екстрадиција, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 37**

Владата го разгледа Предлог-законотза ратификација на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Казахстан за трансфер на осудени лица, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената

Дескоска, министер за правда, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

Точка 38

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законотза ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренија за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС), го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа.

Точка 39

Владата го разгледа и усвои најновиот текст на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија (2019-2021), со Акциски план.

Точка 40

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог - уредба за изменување на Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија, за наредна седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Предлог-уредбата согласно мислењето од Секретаријатот за законодавство и притоа да се имаат предвид забелешките изнесени во мислењата на Министерството за економија и Министерството за финансии.

Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Меморандум за разбирање помеѓу Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Мисија во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација за спроведување на заеднички активности во периодот 2019 - 2021 година, со Меморандум за разбирање (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати новиот усогласен текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Мисија во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација за спроведување на заеднички активности во периодот 2019 - 2021 година.

2. Се овластува министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Мисија во Скопје и Министерството за информатичко општество и администрација за спроведување на заедничките активности во периодот 2019 - 2021 година.

Точка 42

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година, во предложениот текст, во која согласно барањето од Општина Тетово се додаваат два училишни објекти во КО Мала Речица и с. Селце.

Точка 43

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2019 година, со заклучок истата да се дополни и со Средно општинско училиште Гимназија „Мирче Ацев“ Прилеп.

Точка 44

Владата условно го донесе новиот текст на Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2020 година, со заклучок предлагачот да достави мислење од Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините.

Доколку предлагачот не достави мислење материјалот да се разгледа на наредната седница на Владата.

Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир, Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019, 2020, 2021 и 2022 година на Министерството за труд и социјална политика за потребите за изградба на детска градинка во Општина Чаир, Скопје, во вкупна

вредност од 149.962.954,00 денари без ДДВ со динамика на плаќање по времени ситуации - месечно во период од четири години со следнава динамика:

- 2.000.000,00 денари во 2019 година,
- 42.988.886,00 денари во 2020 година,
- 59.985.182,00 денари во 2021 година и
- 44.988.886,00 денари во 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за изградба на детска градинка во Општина Чаир, Скопје да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Куманово и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за потребите за јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Куманово, во вкупна вредност од 691.340,00 денари без ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

- 41.340,00 денари во 2019 година и
- 650.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Куманово да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина Лозово и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на детска градинка во Општина

Лозово, во вкупна вредност од 11.500.000,00 денари без ДДВ со динамика на плаќање и тоа:

- 1.000.000,00 денари во 2019 година и
- 10.500.000,00 во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за реализација на наведената набавка да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Брвеница и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Брвеница во вкупна вредност од 2.752.332,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 152.322,00 денари во 2019 година и
- 2.600.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за набавка, испорака и монтажа на опрема во Детска градинка во Општина Брвеница да ги прикаже во буџетскиот циркулар за 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Босилово и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 и 2020 година на Министерството за труд и социјална политика за потребите за јавна набавка за набавка, испорака и монтажа на опрема во детска градинка во Општина Босилово, во вкупна вредност од 2.254.192,00 денари без ДДВ со плаќање во период од две години со следнава динамика:

- 154.192,00 денари во 2019 година,
- 2.100.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика потребните средства за реализација на наведената набавка да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2020 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при подготвување на буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија, ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло и ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се дава согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија, ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло и ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје во вкупна вредност од 35.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 20.000.000,00 денари во 2020 година и
- 15.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка на горенаведената медицинска опрема да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство на секои девет месеци да ја информира Владата за текот и прогресот на активностите се до конечна реализација на набавката.

## Точка 51

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со барање за отпочнување постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка и Акциски план за реализација на Проектот за изградба на два нови болнички објекта за потребите на ЈЗУ Психијатриска болница во Демир Хисар и го усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2019, 2020 и 2021 буџетска година на Министерството за здравство за

набавка во вкупна вредност од 160.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 6.000.000,00 денари во 2019 година,
- 77.000.000,00 денари во првиот квартал од 2020 година и
- 77.000.000,00 денари во првиот квартал од 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за горенаведената јавна набавка да ги прикаже во буџетските циркулари за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема - апарати за анестезија и пациент монитори за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 година и 2021 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема – апарати за анестезија и пациент монитори за потребите на ЈЗУ Општа болница Куманово, ЈЗУ Општа болница Велес, ЈЗУ Општа болница Кавадарци, ЈЗУ Клиничка болница Штип, ЈЗУ Општа болница Кочани, ЈЗУ Клиничка болница Тетово и ЈЗУ Општа болница Гостивар во вкупна вредност од 18.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари во 2020 година и
- 8.500.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка на горенаведената медицинска опрема да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство на секои девет месеци да ја информира Владата за текот и прогресот на активностите се до конечна реализација на набавката.

## Точка 53

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од набавка и инсталација на медицинска опрема, медицински и немедицински инвентар за потребите на Јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за наредната седница на Владата поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата со акциски план на проектот - Адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево и одобрување на динамика на плаќање и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2019 година, 2020 година и 2021 година на Министерството за здравство за проектот - Адаптација на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања, Отешево во вкупна вредност од 114.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-4.000.000,00 МКД во 2019 година,
-55.000.000,00 МКД во 2020 година и
-55.000.000,00 МКД во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка за Проектот да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 55

Владата во врска со Информацијата за начинот на склучување на договор за јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со Предлог – одлука, условно ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, со следните заклучоци:

1. Одлуката да се измени во точка 5 и наместо делот „Надзор над спроведувањето на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство од точка 3 од оваа Одлука ќе врши Комисијата за следење на реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство. Комисијата ќе ја формира Министерот за здравство, а ќе биде составена од претставници на јавниот партнер и приватниот партнер“ да стои делот „надзор на спроведување на Договорот за воспоставување на јавно приватно

партнерство од точка 3 од оваа Одлука ќе врши министерот за здравство преку Комисијата за следење на реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство".

2. Министерството за здравство пред потпишување на Одлуката да го достави Извештајот од Комисијата за јавни набавки од извршената евалуација.

Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Изградба за нов објект Поликлиника Сарај при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје" и одобрување на динамика на плаќање, со Акциски план и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за проектот „Изградба за нов објект Поликлиника Сарај при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје" и одобрување на динамика на плаќање, со Акциски план и ја одобри динамиката на плаќање на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019, 2020 и 2021 година и тоа:

-2.000.000,00 денари во 2019 година, согласно обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година,
-30.000.000,00 денари во 2020 година (во рамките на веќе утврдениот буџет на Министерството за здравство) и
-30.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за горенаведениот проект да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на Акцискиот план за сексуално и репродуктивно здравје 2018-2020 година, за периодот 2018 до јули 2019 година, ја усвои и ги задолжи Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука од своите буџети преку годишните програми да обезбедат средства за реализација на утврдените мерки и активности од Акцискиот план за сексуално и репродуктивно здравје 2018-2020 година.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на одобрение за отпочнување на постапка за јавна набавка за склучување на повеќегодишен договор за

продолжување со изградба на ООУ „Димитар Македонски", Општина Аеродром, Скопје (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 и 2021 година на Министерството за образование и наука за отпочнување на постапка за јавна набавка за склучување на повеќегодишен договор за продолжување со изградба на ООУ „Димитар Македонски", Општина Аеродром, Скопје во вкупна вредност од 58.788.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-40.000.000 денари во 2020 година и
-18.788.000 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните средства за продолжување со изградба да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - травертин на локалитетот „Камено Брдо" с.Кучково, Општина Ѓорче Петров, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии – Управа за јавни приходи, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Трговското друштво за приредување игри на среќа „ДИВИЕН" ДОО експорт – импорт Скопје за деловната просторија на ул.„Маршал Тито" бр. 108, Богданци, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отворање Генерален конзулат на Република Албанија во Република Северна Македонија, со седиште во Струга, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за отворање на Генерален конзулат на Република Косово во Република Северна Македонија, со седиште во Струга, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 65

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 66

Владата го разгледа Барањето на Муса (Дегерли) Исмаилоски за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 67

Владата го разгледа Барањето на Гафур (Јакупоглу) Јакуб за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи.

## Точка 68

Владата го разгледа Барањето на Алессандро Алберто Францесцо Бертолаззи за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 69

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 70

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државен ученички дом „Кочо Рацин“ Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 71

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 72

Владата го разгледа Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и по истиот нема забелешки.

## Точка 73

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Предлог – законот.

## Точка 74

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законотза изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за финансии да подготви мислење и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 75

Владата го одложи од разгледување Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за податоци во електронски облик и електронски потпис, по скратена постапка, поднесен од група пратеници за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација да достави мислење по истиот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за економски систем и тековна економска политика

**Точка 76**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – законот за изменување на Законот за електронско управување и електронски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави заедничко мислење по истиот.

**Точка 77**

Владата врз основа на Известувањето на Собранието на Република Северна Македонија го симна од дневен ред Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, по скратена постапка.

**Точка 78**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законотза младинско учество и младински политики, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, откако истиот претходно ќе биде разгледан на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда, во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, Агенцијата за млади и спорт и Секретаријатот за законодавство да подготви и до Владата да достави мислење по истиот.

**Точка 79**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за спортот, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави мислење, подготвено во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство по Предлог – законот.

**Точка 80**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законотза изменување на Законот за вработените во јавниот сектор, по скратена постапка за наредната седница на Владата откако претходно ќе биде разгледан на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација да достави мислење подготвено во соработка со Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Министерството за финансии.

## Точка 81

Владата го одложи од разгледување Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, поднесен од група пратеници за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и Министерството за финансии да достави обединето (заедничко) мислење по истиот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 82

Владата го одложи разгледувањето на Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем, поради потребата по текстот на материјалот Министерството за информатичко општество и администрација да достави заедничко мислење со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 83

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-финансискиот план за 2020 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Предлог-одлуката за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2020 година, поради потребата Министерството за економија во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Секретаријатот за законодавство да подготви мислење и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 84

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 372 став 3 точка 6 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2005, 110/2008, 83/2009, 116/2010 и 124/2015), поднесено од пратеникот Ане Лашкоска, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда да достави мислење, подготвено во соработка со Секретаријатот за законодавство по Барањето.

## Точка 85

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 101 став (7) а во врска со член 190 од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/19), поднесено од пратеникот Реџаил Исмаили, поради потребата Министерството за финансии да подготви мислење и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 86

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокат Еленко Миланов од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.137/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и 83/2018) и на член 72 став 3 во делот: „ценејќи ја законитоста на постапката“, како и на став 4 во делот: „во случај на груба повреда од одредбите за постапката“ од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.102/2019) и притоа го утврди следново мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијатива за оценување на уставноста на член 96 став 4 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и 83/2018) и на член 72 став 3 во делот „ценејќи ја законитоста на постапката“, како и на став 4 во делот „во случај на груба повреда од одредбите за постапката“ од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019) поднесе адвокатот Еленко Миланов од Скопје, укажувајќи дека оспорените одредби не обезбедуваат суштинско остварување на правото на реална жалба од уставниот амандман XXI точка 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 13 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, односно не ги обезбедува темелните вредности на уставниот поредок на Републиката: владеење на правото (член 8 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право (член 8 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија), имајќи ги предвид уставните амандмани XXVIII точка 1 став 1, XXIX точка 1 став 1 алинеи 1 и 3 и XXVI точка 1 став 2 алинеја 2 за положбата и овластувањата на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Подносителот смета дека оспорените одредби не овозможуваат двостепеност на постапката за разрешување на судијата и претседателот на судот пред Судскиот совет на Република Северна Македонија, укажувајќи дека согласно Уставот и Европската конвенција за заштита на човековите права се гарантира правото на остварување на реална жалба. Во точката II.2 од Иницијативата подносителот ги оспорува одредбите од законот кои се однесуваат на обемот, односно содржината на правото на жалба и интензитетот на тоа право, имајќи ги предвид наведените уставни амандмани и членот 13 од

Конвенцијата, со што се доведува во прашање обезбедување на темелните вредности на уставниот поредок, владеење на правото и почитување на општо прифатените норми од меѓународно право.

Во дел II од Иницијативата, подносителот доставил предлози за определување и изрекување на привремена мерка со која ќе се запрат од извршување поединечни акти и дејствија преземени во врска со наведените одредби од законот со цел да се спречи настанување на тешко отстранливи последици, а во делот III поништување или укинување на оспорените законски одредби.

Се смета дека поднесената Иницијатива е неоснована од следните причини:

Оспорената одредба од член 96 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и 83/2018) нема веќе правна важност на нашиот правен поредок. Имено, со членот 108 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102 од 22.5.2019 година) престана да важи Законот за Судскиот совет на Република Македонија од 2006 година со сите негови измени и тоа од денот на влегувањето во сила на законот од 2019 година. Но, заради преодните одредби од член 107 ставовите 2 и 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102 од 22.5.2019 година) кои предвидуваат завршување на започнатите постапки за разрешување, односно за утврдување на дисциплинска одговорност на судија или претседател на суд согласно одредбите на стариот закон, во ова мислење ќе се осврнеме и на таа оспорена одредба.

Двете точки од Иницијативата се однесуваат на положбата на Судскиот совет како независен орган на судството и неговата уставна и законска надлежност. Имено, согласно амандман XXVIII точка 1 став 1 „Судскиот совет на Република Северна Македонија е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт“. Согласно амандман XXIX став 1 точка 1 алинеја 1 „Судскиот совет на Република Северна Македонија ги избира и разрешува судиите и судиите поротници, а согласно алинејата 3 „ги избира и разрешува претседателите на судовите“.

Од овие уставни одредби произлегуваат надлежностите на Судскиот совет за разрешување на судиите кои понатаму се уредуваат со закон. Само Судскиот совет е надлежен орган при одлучувањето за разрешувањето на судијата и ниеден друг орган не може да разреши судија.

Подносителот не е во право кога се повикува дека не било запазено и не се остварувало правото на жалба согласно амандманот XXI точка 1 од Уставот на Република Северна Македонија „Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд.“.

Имено, согласно став 2 од овој амандман „Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.“

Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е посебниот закон со кој е определено правото на жалба на судијата и претседателот на суд. Во натамошниот текст паралелно се образложуваат двете оспорени одредби од законот кои по својата суштина се исти и го овозможуваат правото на жалба на судијата, односно претседателот на судот за негово разрешување во постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, која е уредена во одредбите од членовите 77 до 97 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и 83/2018), односно од член 62 до член 74 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19). Со овие одредби од законите се обезбедуваат владеењето на правото (член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот) и почитување на општо прифатените норми на меѓународното право (член 8 став 1 алинејата 11 од Уставот на Република Северна Македонија).

Со членот 96 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006 и 150/2010) е овозможена жалба до Советот за одлучување по жалби на Врховниот суд на Република Северна Македонија, составен од девет члена, кој може да го потврди или укине решението на Судскиот совет за разрешување на судијата, односно за изречената дисциплинска мерка и истата одредба се применува и за претседател на суд. Не е точен наводот на подносителот „дека не било јасно и прецизно уредено кој одлучува“, туку напротив, точно е утврдено со текстот на членот 96 став 1 дека „Против решението на Советот за разрешување судија, односно изречена дисциплинска мерка, судијата има право на жалба до Советот за одлучување по жалбите на Судскиот совет, формиран при Врховниот суд на Република Македонија, во рок од осум дена од приемот на решението.

Со измената на Законот од 2018 година се определува и начинот на одлучување, односно „Советот за жалба најдоцна во рок од 30 дена од неговото формирање одлучува по жалбата на начин што може да го потврди или укине решението на Советот“, а со ставот 3 се определува дека „Советот во повторената постапка донесува конечна одлука, ценејќи ги напатствијата на Советот за жалба“.

Исто така, подносителот не е во право кога се повикува дека со одредбите од законот не е овозможен членот 13 и правото на реална жалба од Европската конвенција за заштита на човекови права и слободи „Секој човек, чии права и слободи признати со оваа Конвенција, се нарушени, има право на жалба пред националните власти, дури и тогаш кога повредата на овие права и слободи ја сториле лица при вршење на службена должност.“.

Имено, во жалбената постапка од член 72 ставовите 3 и 4 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија се определени случаите до каде може да не се наруши уставно загарантираната правна положба на Судскиот совет тој самиот да одлучува за разрешување на судијата, па согласно овие одредби надлежноста на Советот за жалба е да ја разгледува законитоста на постапката која се води пред Судскиот совет, за која има гаранции, а укинувањето на решението е само во случај на груба повреда на одредбите за постапката за одговорност на судија или претседател на суд. Со ова се гарантира и заштитува независноста на судството и судиите, како посебна власт и положбата на Судскиот совет како независен орган утврдена со Уставот на Република Северна Македонија. Со одредбите од членот 74 се воведува и гарантира и правото на фер судење согласно Европската конвенција. Овие одредби беа оценети со позитивно мислење од Венецијанската комисија.

Имајќи го предвид наведеното, се смета дека оспорените одредби се во согласност со членот 8 став 1 алинеи 3 и 11, уставните амандмани XXVIII точка 1 став 1, XXIX точка 1 став 1 алинеи 1 и 3 и XXVI точка 1 став 2 алинеја 2 и XXI точка 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 13 од Европската конвенција за заштита на човековите права од кои причини Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на истиот, односно во целост да ја отфрли заедно со предлозите за привремени мерки, како и да го одбие барањето за поништување или укинување на оспорените одредби.

<u>**Точка 87**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 476 за КО Плетвар на КП бр. 1033 викано место Долна Чешма и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт и врски.

<u>**Точка 88**</u>

1. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за претседател и еден професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, да ги именува:

- Крсте Шајноски, за претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, со мандат од пет години и

- Злате Симоновски, досегашен член на Советот, за професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, со мандат од пет години.

2. Владата го именува Беким Халими за директор на Службата за просторен информативен систем, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата на Берат Дехари му утврди престанок на правото за оставарување плата по престанување на функцијата заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, заклучно со 19 ноември 2019 година, поради именување на друга функција.

4. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА Скопје, на нивно барање, ги разреши:

- Сефедин Алити и
- Небојша Трајковски.

5. Владата го разреши Асим Даил од должноста претседател на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, на негово барање.

5.1. Владата ја именува Елјеса Челик за претседател на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

6. Владата заклучи да објави Јавен оглас за именување на директор на Инспекторатот за употреба на јазиците.

**<u>Точка 89</u>**

1. Владата во врска со Заклучокот по Точка 1 од Извадокот од Нацрт - записникот од Сто шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2019 година, кој гласи:

-„Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта за наредната седница на Владата да го достави идејното решение за клучката Тетово - Гостивар, со цел да се направи доусогласување и да се дефинираат идните насоки за истото“ заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта за наредната седница на Владата да го достави Идејното решение за денивелиран патен јазол, клучка кај натпатник Требош – Фалише на автопат Скопје – Тетово.

2. Владата се информираше со Информацијата за одржување на Конференција на високо ниво - Проширување на акцијата за ставање на крај на насилството врз децата на Западен Балкан.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 11 ноември 2019 година до 17 ноември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. По повод Барањето на Министерството за финансии – Управата за јавни приходи за организирање настан по повод „Ден на даночниците“ како и одбележување 25 години Управа за јавни приходи, Владата заклучи:

- Се задолжува НУ Филхармонија на Република Северна Македонија да овозможи бесплатно користење на салата за прослава на „Денот на даночниците“ и одбележување 25 години Управа за јавни приходи на 29 ноември 2019 година, од 19:30 часот.

5. Во врска со дигиталната платформа за организирање, прибирање, доставување и одржување на барањата на граѓаните за имплементација на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемување на концентрација на PM10 и PM2.5, Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја разгледа можноста за тоа дали формално може да биде носител на дигиталниот печат кој ќе треба електронски да се става на одлуките за одобрување или одбивање на поднесените барања од граѓаните и за истото да ја информира Владата на наредната седница.

6. Во врска со Информацијата за спроведување на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемување на концентрација на PM10 и PM2.5, усвоена на 158-та седница на Владата, одржана на 8 октомври 2019 година (точка 21), Владата заклучи Заклучокот број 2 да се измени и да гласи:

„ 2. Се задолжува АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ) да донесе одлука за обезбедување на средства за јавна едукативна кампања за придонесот од имплементација на мерката „За здравјето на граѓаните“ и веднаш да спроведе итна постапка за спроведување на јавната кампања, имајќи ја предвид итноста на мерката и тоа дека грејната сезона официјално започнува на 15 октомври во тековната година.“.

7. Владата ја разгледа Информацијата во врска со царинската стапка при увоз на пречистувачи на воздух и притоа заклучи Министерството за финансии – Царинска управа за наредната седница на Владата да предложи менување/укинување на царинската стапка од 15% утврдена во Царинската тарифа

за увоз на пречистувачи на воздух или да достави соодветно образложение на што се должи промената во функционирањето на царината во однос на царинењето при увоз на пречистувачи на воздух.

8. По повод предлогот од 15-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29.11.2019 година, Владата го задолжи Министерството за финансии да испрати допис до Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи во врска со обезбедување на финансиски средства за справување со кризни состојби.

9. Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски, врз основа на документацијата од Јавното претпријатие за државни патишта, да подготви и до Владата да достави соодветна одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на општинските патишта и улици за кои работите за рехабилитација и реконструкција ќе ги врши Јавното претпријатие за државни патишта (донесена на 5 октомври 2016 година, а објавена во „Службен весник на Република Македонија“ 186/16), а согласно заклучокот од 162-та седница на Владата, одржана на 5 ноември 2019 година.

## Точка 90

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јули - септември 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 91

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на ЈП Агро-берза - Скопје за периодот јули - септември 2019 година, со дополнувањето кон него, како материјал за информирање.

## Точка 92

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија за период 1.7 - 30.9.2019 година, како материјал за информирање, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 93

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - П.О. Скопје за периодот јули - септември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за второто тромесечие за период од 1.4.2017 до 30.6.2017 година, како материјал за информирање, притоа имајќи ги предвид укажувањата на Министерството за финансии.

**Точка 95**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за периодот од 1.7.2017 до 30.9.2017 година, како материјал за информирање, имајќи го предвид укажувањето на Министерството за финансии.

**Точка 96**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за четвртото тримесечие во 2017 година, за периодот 1.10.2017-31.12.2017 година, како материјал за информирање, притоа имајќи ги предвид укажувањата на Министерството за финансии.

**Точка 97**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за периодот од 1 јануари до 31 март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост за период 1.4.2019 година -30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката Скопје за периодот од 1.4.2019 до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2019 година, за периодот од 1.1.2019 година до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 101

Владата го разгледа Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог – законот, во делот кој се однесува на прекршоците да се усогласи со Министерството за правда.

2. Во целиот текст на Предлог – законот, наместо зборовите „Северноатлантскиот Договор (НАТО)“ да стојат зборовите „Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО)“.

3. Во текстот на Предлог – законот, во членот 13, наместо зборовите „на станување членка на Република Северна Македонија во Северноатлантскиот Договор (НАТО)“ да стојат зборовите „на стекнување статус на членка на Република Северна Македонија во Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО)“.

4. Пречистениот текст на Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 102

_Владата го разгледа Предлог-законотза задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 103

Владата ја донесе Уредбата за начинот на доделување на договори за набавки на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави, во предложениот текст.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата во врска со престојниот 9-ти состанок на Заедничкиот комитет на регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија да номинира претставник кој во име на Република Северна Македонија ќе присуствува на 9-от состанок на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција на Паневромедитеранските преференцијални правила за потекло, со право на глас во рамките на Заедничкиот комитет.

2. Се задолжува претставникот номиниран од Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија на состанокот на Заедничкиот комитет на ПЕМ да гласа против усвојување на текстот на ревидираната Конвенција доколку во предлогот се наведени следниве правила за тутун:

| Тарифен број на ХС | Опис на производот | Обработка или преработка, извршена на материјали без потекло, со која се стекнува статус на производ со потекло |
|---|---|---|
| ex Глава 24 | Тутун и производи за замена на тутун, освен за: | Производство од материјали од кој и да е тарифен број, во кои тежината на материјалите од тарифен број 2401 не надминува 30% од вкупната тежина на употребените материјали од Глава 24 |
| 2401 | Тутун, суров и непреработен; отпадоци од тутун | Производство во кое сите материјали од тарифниот број 2401 се целосно добиени |
| ex 2402 | Цигари, од тутун или од замени за тутун | Производство од материјали од кој и да е тарифен број, освен од оној на производот и од тутун за пушење од тарифен подброј 2403 19, во кои што најмалку 10% од тежината на сите употребени материјали од тарифен број 2401 се целосно добиени |
| ex 2403 | Производи наменети за инхалација преку загреан тутун или на поинаков начин | Производство од материјали од кој и да е тарифен број, освен од оној на производот, во кои што најмалку 10% од тежината на сите употребени материјали од тарифен број 2401 се целосно добиени |

## Точка 105

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на нов Закон за утврдување на правен статус на бесправни објекти и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави предлог-закон за утврдување на правен статус на бесправни објекти до Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена од денот на усвојувањето на оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во Предлог-законотза утврдување на правен статус на бесправни објекти, како предмет на законот да ги опфати бесправните објекти кои ќе претставуваат градежна и функционална целина, заклучно со 1 октомври 2019 година, како и бесправните објекти од јавен интерес утврден со закон чии иматели се државни органи или единици на локална самоуправа или правни субјекти основани од Република Северна Македонија односно од единиците на локална самоуправа, кои ќе претставуваат градежна целина, а не и функционална целина, заклучно со 1 октомври 2019 година

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски од Предлог-законотза утврдување на правен статус на бесправни објекти, да бидат изземени сите видови на бесправни објекти изградени во границите на Охридскиот регион во кој се наоѓа природното и културното наследство запишано во Списокот на светското природно и културно наследство на Конвенцијата на УНЕСКО, кои граници се утврдени со Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во Предлог-законотза утврдување на правен статус на бесправни објекти, како висина на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект да се утврди висината на надоместок за уредување на градежно земјиште кој се пресметува во постапката за добивање на одобрение за градење но зголемена за 50%, а висината на надоместокот за утврдување на правен статус на електронските комуникациски мрежи и средства да изнесува 10 евра во денарска противвредност по м2 од изградената површина.

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во Предлог-законотза утврдување на правен статус на бесправни објекти од плаќање на надоместок да бидат ослободени барателите кои се корисници на парична помош од социјална заштита, јавни субјекти (државни органи, агенции и фондови основани од Република Северна Македонија, јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија, правни лица во доминантна сопственост на Република Северна Македонија, единиците на локалната самоуправа и јавни претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа) како и верските објекти.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во Предлог-законотза утврдување на правен статус на бесправни објекти да предвиди законско решение со кое ќе се овозможи утврдување на правен статус на кабелска канализација за електронски комуникациски мрежи и средства и запишување на истата со право на сопственост на правните субјекти кои се иматели на истата (алтернатива 2).

**Точка 106**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за отворање на Генерален конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република, со седиште во Милано и за затворање на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Италијанската Република со седиште во Венеција, со Предлог – одлуки за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за надворешни работи да го усогласи текстот на предлог-одлуките со Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора во смисла дека со отварањето на Генерален конзулат во Милано во Венеција – во Мештре останува Одделение односно канцеларија која ќе ја опслужува нашата дијаспора за конзуларни прашања.

Истовремено, Министерството за надворешни работи да изврши усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за именување на Дејан Ѓучиќ за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Република Грција, со седиште во Солун и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за надворешни работи редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за именување на Сања Зографска Крстевска за генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Комонвелтот Австралија, со седиште во Мелбурн и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за надворешни работи редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ГРИН МЕДИКАЛС МКД ДОО Кочани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво

за производство, трговија и услуги ГРИН МЕДИКАЛС МКД ДОО Кочани, во предложениот текст.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2019 година и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за образование и наука да изврши усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 111**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Православниот Богословски факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за образование и наука да изврши усогласување на текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 112**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2019 година на Факултетот за исламски науки - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за тековните активности за завршеното оценување на Стратегијата за регионален развој 2009 - 2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Јавното претпријатие за државни патишта, Државниот завод за статистика и останати институции што во својот делокруг на работа имаат програми со влијание врз регионалниот развој, во рок од десет дена до Министерството за локална самоуправа да достават извештај за спроведувањето на тие програми.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура, Министерството за образование и наука,

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за млади и спорт, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Јавното претпријатие за државни патишта, Државниот завод за статистика и останати институции што во својот делокруг на работа имаат програми со влијание врз регионалниот развој, активно да се вклучат во консултациите кои Министерството за локална самоуправа ќе ги спроведе во функција на завршната оценка на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 година.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа по завршувањето на процесот на завршно оценување на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 година, извештајот да го достави до Владата.

<u>Точка 114</u>

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - решение за назначување на членови на Националниот совет за сајбер безбедност и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе Решението за назначување на членови и нивни заменици на Националниот совет за сајбер безбедност, во предложениот текст.

2.Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана да ги назначат членовите на Работната група за спроведување на активностите кои произлегуваат од Акцискиот план на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија (2018-2022) како членови на Меѓуресорска работна група за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот совет за сајбер безбедност и за истото да го известат Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од седум дена.

3. Се препорачува на Агенцијата за електронски комуникации од редот на вработените во организациската единица - Национален центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT), Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Дирекцијата за заштита на лични податоци и Центарот за управување со кризи да назначат членови на Меѓуресорска работна група за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот совет за сајбер безбедност и номинациите да ги доставаат до Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од седум дена.

4. Се задолжува Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација да формира Меѓуресорска работна група за стручно-оперативна и

логистичка поддршка на Националниот совет за сајбер безбедност во рок од 15 дена.

**Точка 115**

Владата го разгледа Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законотда се усогласи со Министерството за правда во делот на прекршоците.

2. Пречистениот текст на Предлог-законотза изменување и дополнување на Законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ЦАННАЛИФЕ ДОО с.Ивањевци Могила, за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ЦАННАЛИФЕ ДОО с.Ивањевци, Могила, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |